Врз основа на член 34 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среша и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став1 т.2, 384 став 2 т.1,2, 476 став 4 и 482 од Законот за трговските друштва, Собранието на својата седница одржана на ден 14.03.2012 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на годишната сметка за деловната 2011 година**

1.Се одобрува годишната сметка на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2011 година, со следните остварени резултати од Билансот на успех за 2011 година:

- П р и х о д и-----------------------------------------144.332.899,00
- Р а с х о д и-----------------------------------------178.438.324,00
- Загуба пред оданочување----------------------- 34.105.425,00
- Данок--------------------------------------------------- 997.214,00
- Загуба за финансиската година----------------35.102.639,00

2. Остварени резултати од Извештајот за сеопфатна добивка/загуба за 2011 година:

- Загуба за финансиска година--------------------35.102.639,00
- Корекции за рекласификација на загуби поради обезвреднување на вложувања расположливи за продажба признаени во добивката или загубата за годината--------------------------------------------15.427.356,00
- Вкупна сеопфатна загуба--------------------------19.675.283,00

3.Загубата на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2011 година во износ од 35.102.639,00 останува непокриена.

4. Податоците од годишната сметка од точка 1 на оваа Одлука се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.

5. Друштвото во рок од 15 дена од денот на одржувањето на Собранието, во дневен весник на Република Македонија ја објавува годишната сметка.

6. Оваaa Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр.02- СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО
14.03.2012 Претседавач